

**ШТО РЕКОЈА ИСТАКНАТИ ЛИЧНОСТИ ЗА ДЕЛАТА НА СЛАВЕ КАТИН**

На промоцијата на делото ***„Македонците во САД и во Канада“*** што се одржала на 16 април 2003 година во Народната и Универзитетска библиотека „Свети Климент Ох-ридски“ во Скопје, своe излагање под наслов „Нов пристап кон иселеништвото“ имал и митрополитот на Македонската православна црква господин Кирил. Во исцрпното излагање митрополитот Кирил го рекол следното:

„Имам посебна чест и големо задоволство, пред сѐ, во квечерието на големиот христијански празник Цветници, а особено во пресрет на празникот над празниците, Светото Христово Воскресение - Велигден, како и големите јубилејни чествувања: 100

години од Илинденското востание, 100 години од Македонското иселеништво и 40 години од евангелису-вањето на првата Македонска православна црква „Свети Петар и Павле“ во градот Гери, Индијана, во САД, да бидам еден од учесниците на промоцијата „Македонците во Соединетите Американски Држави и во Канада“.

Тоа, покрај досегашните е уште едно големо дело создадено од перото на нашиот некол-ку-деце-ниски драг пријател и истакнат оригинален хроничар на ма-кедонската иселеничка голгота и вознес во период од 4 децении, бра-тот по Господа, Славе Николовски-Катин. Како долгогодишен надлежен епархиски архијереј на Ма-ке-дон-ска--та православна црква за прекуокеанските земји, ќе се потрудам преку де-лото „Македонците во САД и во Канада“ на господинот Славе Катин, да ви прет-ставам дел од севкупното национално-духовно, црковно и културно-про-светно опстојување на нашите по крв и вера браќа и сестри Ма-ке-донци кои се определиле да живеат во демократските и од Бога бла-гословени др-жави САД и Канада.

Во оваа пригода сакам да нагласам дека познатството, со-ра-бот-ка-та и другарувањето со господинот Катин трае од 1969 година, од времето на мое--то востоличување за надлежен архијереј на Американско-канадската ма-кедонска православна епархија, во црквата „Свети Климент Охридски“, во космополитскиот прекрасен град Торонто, Канада.

Оттогаш до денес со внимание ја следам неговата плодотворна и бериќетна творечка деј-ност, за која повеќепати сум се изјаснил. Еден од овие прекрасни мигови била и промоцијата на монографијата за Македонската православна црква „Свети Климент Охридски“ од Торонто, којашто била извршена во ис--тоимената црква во 1994 година. Еве и денес ја имам таа посебна чест и задоволство, драги браќа и сестри по Господа, да зборувам за уште едно негово животно дело на-словено „Македонците во САД и во Канада“. Ова дело кон крајот на ми-натата година, поточно на патрониот празничен ден на свети Климент Ох-ридски ја доживеа својата промоција во Торонто, а потоа и во Детроит, два-та големи центра на македонската дијаспора на северно-аме-ри--кански-от континент.

Оваа двојазична публикација, на македонски и на англиски, претставува круна на богатиот книжевен опус на господинот Славе Катин, по-светен на иселеништвото, сублимиран во повеќе од 20 тематски изданија, во кои се осветлува животот и импресивните активности на Македонците во САД и во Канада, како и нивната одисеја за опстој во новите средини, но и за совладување на предизвикот на носталгијата за својата родна и мила татковина Македонија.

Всушност, Црквата е оној *спиритус мовенс* во иселе-ништвото кој ги обединува нашите ма-ке-дон-ски чеда во Господа, ги мотивира и инспирира во севкупното жи-ве-ење. Тие жи-веат со вербата и со аманетот за вечно обединување како народ за себе и за сите идни македонски рожби. На крајот од моето скромно излагање сакам да нагласам дека прив-лечноста на делото „Македонците во САД и во Канада“ од господинот Сла-ве Катин се разликува од другите публикации на оваа тема, по тоа што Катин му приоѓа на иселеништвото од еден подруг агол. Тоа е от-кри-вањето на при-чините, а не само на околностите за појавата и ге-не-зата на овој фе-номен.

Тој не го третира тоа како гола статистика, ту-ку го доживува како река која незапирливо тече, но и како планетарна појава која ги облагородува државите во кои Македонците свиле ново гнездо. Кај Катин исе-леништвото пулсира со живот, тој живее со него, ја чувствува ди-на-ми-ката на сите овие простори, зашто македонските иселеници создаваат нови релации и нова клима во односите на САД и Канада со дедовската земја Македонија, зацврстувајќи ги мостовите на севкупната соработка.

Најискрено ви го препорачувам ова значајно и обемно дело од почитуваниот господин Славе Николовски-Катин, како непресушен извор за вистината на животот, развојот и растежот на македонските иселеници, организирано преку македонските иселенички асоцијации.

Посебно треба да се нагласи плодната дејност на македонските православни цркви и културно-просветни друштва во состав на Американско-канадската македонска православна епархија, на нашиот голем делател и творец на голем број трудови од оваа област со најискрени братољубиви чувства на најдлабока почит молитвено му посакуваме Господ да му дарува многудецениско до-л-го-ле-тие, да го следи Божјиот благослов со одлично здравје во сите денови од неговиот живот и создавање на уште вакви и слични добри дела. Затоа што живеењето без создавање на добри и трајни дела за својот народ, за својата Татковина и својата Света црква, не е живе-е-ње!“, истакнал почитуваниот митрополит на Македонската православна црква, господин Кирил.

***Продолжува***



**ДУШАН РИСТЕВСКИ – МАКЕДОН**